# 8 ми Март во Венеција со посета на Фиренца и Верона



*__Венеција__ е главен град на регионот Венето и провинцијата Венеција во североисточна Италија. Изградена е на 118 мали острови во устието на реката Бренте во венецијанскиот залив. Позната е и како „град на каналите“ но и по изработката на предмети од стакло (потекнува од островот Мурано), чипка, сребро, злато, кожа. Во предградијата на Венеција се наоѓа индустриска зона, а во близина се многубројните плажи, од кои најпозната е Лидо. Венеција е една од најважните туристички дестинации во светот, поради тоа што градот е еден од најголемите и најубавите градови на уметноста во светот. Во градот доаѓаат во просек 50.000 туристи дневно . Туризмот е главен сектор на Венецијанската индустрија уште од 18 век, кога беше еден од главните центри за големата турнеја, поради неговиот убав градски пејсаж, уникатност и богатото музичко и уметничко културно наследство.*

**Програма:**

**08. Март четвრток / Скопје - Венеција**

Состанок на групата на паркингот спроти хотел Holiday Inn во 15.30. Тргнување за Венеција во 16.00 часот. Патувањето продолжува преку Србија, Хрватска и Словенија со попатни паузи за одмор. Ноќно возење.

**09. Март петок / Венеција**

Пристигнување во Венеција Во претпладневните часови. Сместување во хотел во Лидо ди Јесоло. Во пладневните часови панорамско разгледување на "заспаната убавица": плоштадот и црквата Сан Марко, Дуждевата палата, мостот на воздишки, Кулата, каналот Гранде, мостот Риалто... Слободно време за прошетки.Ноќевање.

**10. Март сабота / Венеција - Фиренца**

Појадок. Слободен ден или можност за факултативна посета на главниот град на Тоскана и престолнината на ренесансата – разглед на Фиренца: Црквата Санта Кроче, Катедралата Дуомо, звоникот и крстилницата, Палатата Векио и репликата на Микеланџеловиот Давид, Галеријата Уфичи, Мостот Понте Векио, Палатата Пити... Враќање во хотел во вечерните часови. Ноќевање.

**11.Март недела / Венеција – Верона - Скопје**

Појадок. Заминување за Верона – град познат по Ромео и Јулија. Разгледување на Верона: плоштадите Бра, Ербе, Данте, куќата на Јулија, Амфитеатарот... Тргнување за Македонија во попладневните часови. Ноќно возење. Пристигнување во Скопје наредниот ден во претпладневните часови.

**Цена: 7.998 мкд**

**Цената на аранжманот вклучува:**

- Автобуски превоз на наведената релација
- 2 ноќевања со појадок во хотел со 3* во Лидо ди Јесоло
- Разгледи на Венеција и Верона според програмата
- Организација на патувањето

**Цената на аранжманот не вклучува:**

- Патничко осигурување
- Факултативни влезници на локалитетите
- Факултативна посета на Фиренца ( 45 еур)
- Индивидуални трошоци на патниците
- Превоз со брод до Венеција

**За реализација на овој програм потребни се минимум 40 патници.**
**Со овој програм важат општите услови на патување на СКТМ**

Туристичка Агенција ``**ТЕРРА ТРАВЕЛ**`` ул. Македонија - Палата Македонија – Скопје
Лиценца А
Тел: 02 3100 199 / 3100 177 Факс: 02 3118 381
``**ТЕРРА ТРАВЕЛ**``- Куманово ул. Илинденска б.б. Тел: 031 550 747 Факс: 031 550 748

www.terratravel.com.mk terratravel@terratravel.com.mk